**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**Су-04бр.41/2021**
**15.12.2021 година**
**О х р и д**

Врз основа на чл.20, чл.21, чл.25, чл.26 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/2014,33/2015, 98/2015, 198/2018), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција на испитите, проверка на веродостојноста на докази и интервјуто, како и на начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.весник на РМ бр.236/2018) и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Охрид, Су-04 бр.23/2018 од 29.11.2018 година, Основниот суд Охрид на ден 15.12. 2021 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2021**
**За вработување на неопределено време на следните работни места**

1. шифра на работно место: СУД0101Г03001, Категорија Г, ниво Г3, Судски референт-дактилограф,
   Број на извршители ............2 (двајца)

2. Хигиеничар
   Број на извршители ............1 (еден)

Заинтересираните кандидати согласно чл.21 ст.1 од Законот за судска служба, треба да ги исполнуваат следните општи услови за пополнување на работните места:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

Покрај општите услови за вработување на судски службеник, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови утврдени во чл.21 ст.2 од Законот за судска служба:

А) **за работното место наведено под т.1** од овој оглас,

- завршено најмалку Вишо или средно образование,

- најмалку 1 година работно искуство во струката,

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење ,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски), кое ќе се проверува преку полагање на тест.

| | |
|---|---|
| - Бројот на работни часови неделно: | 40; |
| - Работно време: | 07,30-15,30 ч; |
| - Работни денови | од понеделник до петок |
| - Основна плата : | 17.300,00 денари |

**Кандидатите поднесуваат пополнета Пријава кон која ги приложуваат доказите утврдени во чл. 26 ст. 2 и 3 од Законот за судска служба и тоа:**

- доказ за државјанство на Република Македонија;
- уверение/диплома за завршен степен на образование и сведителства од сите завршени години средно образование;
- потврда за работа со компјутерски програми за канцелариско работење;
- лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место;
- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- извод од историјатот на вработувања, издаден од агенција за вработување;

Б) **за работното место наведено под т.2** од овој оглас, кандидатите треба да имаат завршено средно образование.

**Кандидатите поднесуваат пополнета Пријава кон која ги приложуваат следните докази:**

- доказ за државјанство на Република Македонија;
- лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место;
- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

| | |
|---|---|
| -Бројот на работни часови неделно: | 40; |
| -Работно време: | 06,00-8,00 ч и од 15,00 до 21,00; |
| -Работни денови | од понеделник до петок |
| -Основна плата : | 15.300,00 денари |

**Кон пријавата кандидатите можат да приложат:**

- препораки од претходните работни места, кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува,
- изјави или други документи од интерес за работното место;

Пријавата за вработување со приложените докази за исполнување на условите во оригинал или заверени на нотар, се доставува во писмена форма преку приемната писарница на Основен суд Охрид или преку пошта на адреса:

**Основен суд Охрид**
**со назнака: ЗА ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2021**
**бул„М.Просветители“ бб,Охрид**.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка
Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување на огласот во дневните весници.
Времето и датумот на одржување на административната селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на интернет страницата на Основен суд Охрид,www osohrid.mk.

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**